

# Од идеја до бизнис!

## Историја и имплементирани на проекти

**ПСМ Фондација/YES Foundation**

фондација ПСМ YES FOUNDATION

# Кои сме ние?

- **22.12.2005** - основана е ПСМ Фондација,  откако претходната година е направен пилот проект за истражување и утврдување на тековната ситуација во врска со претприемништвото во Македонија.
- **2.05.2007** - ПСМ Фондација станува овластен центар за Европскиот сертификат за бизнис компетенции "European business competence license" (EBC*L) - www.ebcl.com.mk.
- **27.07.2007** - се отвора бизнис Инкубаторот на ПСМ Фондација заради стимулирање на претприемничкиот дух помеѓу младите како и поддршката во формирањето на нови бизниси.
- **15.09.2008** – ПСМ Фондација станува локален тренинг центар за CISCO Entrepreneurship Institute (http://ciscoinstitute.net//), како дел од проектот на УСАИД за локален економски развој, во соработка со Општината Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk) и CEED (www.ceed-macedonia.org).
- **7.07.2009** – ПСМ Фондација учествува како партнер во проектот за регионален економски развој предводен од канцеларијата на ГТЗ РЕД во Македонија (www.gtz.de) .
- **9.03.2010** – ПСМ Фондација учествува на Глобалниот конгрес за претприемништво во Дубаи на кој присуствуваа 87 земји организатори на Глобалната недела на претприемништво, исто така и претставници на фондацијата Кауфман како основачи на настанот и глобални партнери на светско ниво, каде се разменија искуствата од одржаната Глобална недела на претприемништво и се презентираа подготовките за наредната.

  **7.07.2010** – ПСМ Фондација ја пречекува делегацијата на студенти од Dauphine University – Париз, со цел да се запознаат студентите одблиску со начинот на кој функционира еден бизнис инкубатор, кои услуги ги нуди и какви компании работат во него.

# Услуги

- Прединкубација - обуки CISCO Starting a business
- Инкубација - Консултантски услуги, Промоција, Опремен канцелариски простор, Техничка поддршка, Флексибилни договори, Еден-на-еден менторство, Промовирање на бизнис идеи, 24/7 располагање со просторот, Воспоставување деловни контакти
- Обуки/предавања
- Софтлендинг

# Резултати

- Формирани 53 компании
- Креирани над 200 работни места
- Над 4.000 луѓе посетувале обуки за бизнис вештини



# Имплементирани проекти во 2011

- Име на проектот: Советување и Планирање на кариера преку насочување на персоналните компетенции
- Име на проектот: Startup Weekend Скопје
- Име на проектот: Глобална Недела на Претприемништво
- Име на проектот: Креирање работни места за млади жени преку практична работа
- Име на проектот: Надминување на јазот помеѓу во администрацијата и вработените во јавните институции и нивна едукација за експлоатација на ИКТ решенијата за подобрување на работата
- Име на проектот: Реоткривање на старата скопска чаршија

# Име на проект: Обуки на тема “Започнување бизнис” за Ромската популација

- **Времетраење:** 14 – 22 април 2009
- **Целна група:** Група од 11 млади, невработени луѓе (од 18 до 30 години), од Ромската популација, со недостаток на бизнис знаење и вештини
- **Опис на активности:** Развивање на методологија и концепт за обуки за развивање на бизнис вештини со цел да се стекне основно бизнис знаење, истовремена помош за време на обуките за спремање на бизнис план, како и наградување на најдобрите три бизнис планови со цел стимулирање на ново-создадени бизниси ос страна на младата ромска популација.
- **Следните модули беа опфатени:** Претприемач и претприемништво, За што служи бизнис планот?, Визија, мисија и цели, Што всушност го продава вашиот бизнис план- резиме, Пазар, маркетинг и продажни техники, Менаџмент, Човечки ресурси, Трговско право и различни типови на организации и Финансирање
- **Постигнати резултати:** Зголемено бизнис знаење за започнување на сопствен бизнис, развивање на вештини за пишување на бизнис план и креативност на работното место. Ова евентуално ќе води кон зголемување на бизнис знаењето и вештините кај младите, невработени Роми и намалување на стапката на невработеност.

# Име на проектот: Едукација на млади Роми за започнување бизнис и подготовка за само-вработување

- **Период:** Февруари 2011 – Септември 2011
- **Целна група:** Директни корисници во проектот се 36 млади Роми, кои по завршување на обуката би биле способни да подготват бизнис план и да започнат сопствен бизнис. Корисниците имаат познавање од англиски јазик и компјутери.
- **Опис на активности:** Активностите на проектот се состојат од Обука за започнување бизнис сертифицирана од CISCO Entrepreneurship Institute, за 36 млади Роми поделени во 3 групи. По завршување на обуката, тие пишуваат бизнис планови со кои се натпреваруваат за наградниот фонд кој ќе им биде доделен на трите најдобро подготвени бизнис планови, како помош при реализација на тој бизнис.
- **Постигнати резултати:** 3 ново формирани компании

# Идни проекти

- Име на проектот: Зголемување на стапката на вработување на млади жени од етничка припадност во Македонија и Албанија преку зголемување на вештините за само-вработување
- Цели:

1. 20 жени од Ромска и Албанска  заедница ќе се здобијат со знаење за започнување и водење на бизнис,
2. Најмалку 2 учесници ќе започнат со бизнис со поддршка на ПСМ Фондација
3. 2 најдобри бизнис планови ќе добијат поттик од 1.000 евра за основање на фирма

# Контакт

**ПСМ фондација**

**02 3103 660**

**info@yes.org.mk**

**www.yes.org.mk**

**www.pretpriemac.mk**

**www.gew.com.mk**